***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги***

***остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени,***

***насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од***

***најуспешните компании во земјата***

**ТИТАН УСЈЕ АД Скопје**
**дел од ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Инспектор за машинско одржување**
Инспекторот за одржување ќе биде задолжен за вршење инспекции и проверки на опремата, како и учество во планирањето на потребните материјални и човечки ресурси потребни за извршување на активностите на одржување. Учествува во ремонти и други поголеми зафати на опремата, планира и подготвува проекти поврзани со инвестиции, активно учество во анализа за детектирање на причините за дефект на опремата, се грижи за собирање и систематско документирање на секаков вид на документација за опремата, техничка валидизација на завршени активности од надворешни фирми, итн. Работното време е 40 часа неделно и од 08:00 – 16:00 часот.
Компанијата обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување и други бенефиции, како бонус за успешно работење.

**Квалификации:**
• ВСС/VII степен образование, Машински факултет
• Работно искуство од 2 години во одржување ќе се смета како предност
• Искуство во работа со SAP ќе се смета за предност
• Одлично познавање на MS Office
• Одлично познавање на англиски јазик

**Конкурентски предности:**
- Безбедносно однесување
- Техничка експертиза
- Превентивно, предвидливо, проактивно одржување
- Планирање и организирање
- Флексибилност и адаптибилност во тимското работење

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо на англиски јазик
2. Биографија (CV) на англиски јазик
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон. Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено.
ТИТАН УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, попреченост, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши само на веб страницата**
**на ТИТАН УСЈЕ https://www.usje.mk .**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.